ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100
www.transparency-mk.org.mk

# СООПШТЕНИЕ
## по повод користење буџетски пари за изборна кампања

Транспарентност Македонија следејќи ги бројните активности кои ги превзема Владата на РМ во предизбориниот период на локалните и претседателски избори, укажува дека еклатантно се кршат одредбите на Законот за спречување на корупција преку:

- по кој знае кој пат крајно нетранспарентно и ненаменско трошење на јавните средства за промотивни кампањи на Владата;

- удирање на камен темелник на нови инфраструктурни проекти (изградба на патишта, водоводи, далноводи, канализација, училишта и градинки и други објекти) што е строго забрането со **членот 11** од Законот за спречување на корупцијата. При ова, индикативно е тоа што започнувањето на сите овие инфраструктурни проекти било прецизно планирано да започнат токму во предизборниот период, што пак се користи како алиби од страна на ДКСК да не преземе никакви законски мерки;

- ветувања за нови вработувања и вонредни исплати кои се сметаат и за поткупување на гласачите што е повреда на **член 14** од Законот за спречување на корупцијата. Сведоци сме на користење на службените возила, мобилни телефони и други средства за партиски цели - промовирање на кандидатите за претседател и градоначалник на владејачката партија, како и ставање на целата административна машинерија во кампањата, со што се врши злоупотреба на службената положба и овластување.

Транспарентност Македонија верува дека со сите овие постапки се повредени и **членовите 10 и 12** од Законот за спречување на корупција, т.е дека буџетските средства, средства на јавните претпријатија или на други правни лица што располагаат со државен капитал се користат за изборни кампањи и дека фирмите кои се вклучени во реализацијата противзаконски се ставени во привилегирана позиција.

Транспарентност Македонија ја повикува Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно своите ингеренции, а посебно и заради обврската која ја има според **член 12 и член 14 став 2** од Законот за спречување на корупција, да ги испита наведените случаи и за тоа писмено да го извести Јавниот обвинител, медиумите и јавноста.

**13 март 2009 г.**

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА***